Брисел, 15 Август, 2016

Г-дин Емил Димитриев – Премиер на Република Македонија

Г-ѓа Елизабета Канчевска Милеска - Министер култура на Република Македонија

Г-ѓа Родна Живковска, Претседател на Комисија за посредување во авторското право и сродните права

Колективно управување на права во Македонија

Почитувани колеги,

Ви се обраќам во име на ICMP (International Confederation of Music Publishers) во врска со активностите на скоро создаденото Здружение за колективно управување СОКОМ МАП. Особено сакам да ја потенцирам неодамна издадената дозвола за колективно управување на оваа организација од страна на Министерството за култура.

И покрај тоа што ICMP е уверена дека треба да се дозволи развитокот на конкурентни модели на лиценцирање, но и да се обезбеди конкурентно опкружување каде конкурентите би биле слободни да се спогодат за она што ним им е најдобро, истотака верува дека овие модели треба да се развиваат врз основа на високи стандарди на претставување, одговорност, управување, транспарентност и услуги кон своите членови.

Загрижени сме поради Решението за издавање на дозвола на Здружението СОКОМ МАП со оглед на фактот дека е издадена без да се земе во предвид природата на неговите активности, членови, меѓународни Договори или неговите меѓународни признанија. Уште повеќе, разгледувајќи ги тарифите на СОКОМ МАП, имаме причина за сериозна загриженост доколку истиот стапи во сила, со што авторските права би се обезвределе, а употребата на нивните дела би биле речиси бесплатна.

ICMP смета дека објавените тарифи за експлоатација на ексклузивните права треба да ја изразуваат економската вредност на правата во трговијата на услуги дадена од Здружението за колективно управување. Сметаме дека кога се објавува тарифа треба да се земе во предвид легитимниот интерес на носителот на авторско право. Не веруваме дека тоа е случај со СОКОМ МАП.

Како меѓународна организација која ги застапува интересите на музичките издавачи на меѓународно ниво, а со тоа и интересите на авторите и композиторите кои ги застапуваат нашите

членови, со почит бараме да ја земете во предвид нашата загриженост и да ја преиспитате одлуката за доделување Дозвола за колективно управување на СОКОМ МАП врз основа на сегашниве околности.

Со почит,

Coco Carmona

Генерален Директор

****

ICMP е светска трговска организација која ги застапува интересите на музичката издавачка заедница на меѓународно ниво. Составни членови на ICMP се асоцијациите на музичките издавачи од Европа, Средниот Исток, Северна и Јужна Америка, Африка и Азија. Вклучени се и водечките независни мултинационални и интернационални компании и регионални и национални музички издавачи, главно SME компании од целиот свет.

Со оглед на тоа дека ICMP го претставува гласот и појдовната точка на музичките издавачи, како и заедницата на композитори и автори, мисијата на ICMP е да го подигне нивото на меѓународна авторска заштита, да допринесе кон подобра средина за нашето работење и да делува како индустриски форум за консолидирање на глобалните ставови.

---

Потврдувам дека правилно го извршив преводот од англиски на македонски јазик на документот кој ми беше доставен во оригинал.

Елизабета Раденковиќ,
Овластен судски преведувач
по англиски јазик

18.08.2016, Скопје

I witness that the translation I made from English into Macedonian is true, I do affix my stamp and signature.

Elizabeta Radenkovic,
Authorized Court Translator
of English language

18.08.2016, Skopje